Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 108, 2 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент (специјалист) за научната област педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област фармакогенетика и молекуларна биологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област џез хармонија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање и нумеричка анализа на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Добра лабораториска пракса“ од проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Философија: византиска и руска философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот казнено процесно право“ од д-р Лазар Нанев, насловен доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Менаџмент на конфекциско претпријатие“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 61

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ СТОМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки – Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на својата седница, одржана на 20.5.2013 година, донесе Одлука бр. 2502-101/28 и Решение бр. 2502-101/28 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно подрачје ***стоматологија*** на Факултетот за медицински науки во Штип во следниов состав:

- проф. д-р Марија Жузелова, претседател, редовен професор, подрачје стоматологија, вработена на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- проф. д-р Јулијана Ѓоргова, редовен професор во пензија, подрачје стоматологија – член;
- проф. д-р Ана Миновска, подрачје стоматологија, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 30.4.2013 година.

На Конкурсот се пријави доц. д-р Стипица Поповски, доктор специјалист, доцент по предметот ортодонција, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на пријавата и доставената документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Стипица Поповски** е роден во 1972 година во Скопје. Основно образование завршува во Скопје. Во 1990 година завршува средно образование во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов“ и се стекнува со диплома за забен техничар. На Стоматолошкиот факултет во Скопје дипломира во 1995 година. По изведувањето на задолжителниот лекарски стаж го положува стручниот испит во 1996 година во Скопје. Од 1998 година е вработен како стоматолог-клинички лекар на Клиниката за ортодонција при ЈЗУ Универзитетски клинички центар „Свети Пантелејмон“ - Скопје. Во 2000 година го положува специјалистичкиот испит по ортодонција и се стекнува со звањето специјалист- ортодонт. Постдипломските студии по предметот Ортодонција ги завршува во 2003 година со одбрана на магистерскиот труд „Рана детекција и превенција на импакција на максиларни канини“ и се стекнува со звање магистер по ортодонтски науки. Во 2003 година е избран за помлад асистент на Катедрата по ортодонција при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во 2006 година е избран за асистент на Катедрата по ортодонција при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во 2006 година со одбрана на доторската дисертација под наслов „Детерминирање на неправилностите во вертикална насока“ се стекнува со звање доктор по ортодонтски науки. Во 2008 година е избран за насловен доцент по предметот ортодонција при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во периодот од 2006 до 2008 година е назначен за помошник-директор на ЈЗУ Стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“ - Скопје. Во 2009 година е избран за претседател на Здружението на ортодонтите на Република Македонија. Од мај 2010 година е вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип како доцент на стоматологија.

***Стручна и научна дејност***

Д-р Стипица Поповски уште како стоматолог, клинички лекар, активно е вклучен во здравствениот, научниот и едукативниот процес на Клиниката за ортодонција, секојдневно партиципирајќи на стручен план во решавање на забно-виличните аномалии, применувајќи ги современите сознанија од светската стручн -научна литература. Согласно со предметот во кој е избран за насловен доцент, своите стручни и научни истражувања особено ги насочува кон третманот на забно-виличните аномалии со фиксни ортодонтски апарати. Предмет на посебен интерес во изминатиот период му бил детеминирањето и превенцијата на импактираните максиларни канини, како и решавањето на ортодонтските аномалии кои се јавуваат во вертикална насока со примена на насовремени фиксни ортодонтски апарати. Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје во 1999 год, по предлог на Комисијата за постдипломски студии, ја прифати предлог-пријавата за изработка на магистерски труд со наслов „Рана детекција и превенција на импактирани максиларни канини“. Магистерскиот труд јавно го одбранува во 2001 година и се стекнува со академски степен магистер по стоматолошки науки, од областа на ортодонција. Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје во 2004 год, по предлог на Комисијата за постдипломски студии ја прифати предлог-пријавата за изработка на докторска дисертација со наслов „Детерминирање на неправилностите во вертикална насока“. Докторската дисертација јавно ја одбранува во 2006 година и се стекнува со академски степен доктор по стоматолошки науки од областа на ортодонција. Д-р Стипица Поповски има завршено преку 12 стручно-научни курса, како што се: во 2003 година во Белград, Србија, курсот „Нови биомеханички можности во терапијата на малоклузиите во вертикален и сагитален правец“ - предавач проф. д-р Стефано Вело, курсот „Биомеханика и нејзина клиничка примена во ортодонцијата“ - предавач проф. д-р Рам Нанда, „Типодонт курс 4 - специјален курс за виткање лакови жици, Софија, Бугарија, 2003, предавач д-р Оливер Бахер, Типодонт курс 1 – техника на права жица, Скопје 2001 – предавач д-р Волфганг Грунер, „Ортодонтски третман со магичен лингвален систем“ Испринген, Германија, 2006 - предавач проф. д-р Оливер Сорел, „Томас-пин типодонт курс“, Софија, Бугарија, 2006, предавач д-р Оливер Бахер, „Типодонт курс 2-техника на права жица“, Испринген, Германија, 2002 година, предавач д-р Оливер Бахер, курсот „Миофункционално влијание на развитокот на лицевите структури врз забите“, Скопје, 2008 година, предавач Нилс Хулсинк, „Релевантни концепти при треман на малоклузиите на забите“, Охрид 2009 година, предавач проф. д-р Рам Нанда. Активно учествува во организирањето на 9. Конгрес на Балканското стоматолошко друштво „БАСС“ во Охрид, 2004, како и на 3, 4 и 5 конгрес на стоматолозите на Македонија. Генерален секретар е на Првиот конгрес на Здружението на ортодонтите на Македонија, одржан во Охрид во 2009 година. Ментор е на студентска тема во 2004 година на 12. Меѓународен конгрес на студентите по стоматологија, одржан во Крушево. Учесник на повеќе конгреси, семинари и средби, како во земјата така и во странство и тоа: Сеул, Кореја во 2001 година - Прв светски еџвајс конгрес, Белград, Србија во 2003 година - Прв конгрес на ортодонтите на Србија и Црна Гора, Соренто, Италија во 2002 год. – 78. Конгрес на Европското ортодонтско здружение, Дубаи, Обединети Арапски Емирати во 2007 год., „ФДИ“, Солун, Грција во 2009 година – 12. Конгрес на ортодонтите на Грција. Во 2006 година д-р Стипица Поповски успешно го завршува тримесечниот курс за менаџмент во јавното здравство, организиран од страна на Министерството за здравство на Република Македонија и се стекнува со диплома за директор на јавна здравствена организација. Во март 2010 година успешно го завршува курсот „Етичко презентирање, маркетинг и комуникација“, одржан во Белград, Србија, од страна на Ешли Летер од Велика Британија. Во октомври 2010 година е поканет предавач на Стоматолошкиот конгрес на Романија; во октомври во Букурешт, Романија; свое предавање одржува на Пролетниот семинар на ортодонтите на Македонија во Скопје, 2011, како и на Првиот симпозиум на Факултетот за медицински науки во декември 2012 година и на Балканскиот конгрес во Скопје во 2013 година. Кандидатот активно се служи со англискиот јазик кој го изучувал на колеџите во Лондон, Оксфорд и Брајтон, и пасивно со шпанскиот јазик кој го изучувал на колеџите во Мадрид и Марбеља. Поседува исклучителни вештини во работата со компјутери и одлично владее повеќе програмски пакети. Како претседател на

Здружението на ортодонтите на Македонија во период од 2010 до 2013 година организира повеќе семинари каде што своите искуства ги презентираат повеќе еминентни предавачи од целиот свет и тоа во пролетниот семинар „Дентофацијални асиметрии" во Скопје во 2010 г., едукативниот курс на Ормко во октомври 2010 г., пролетниот семинар на ортодонтите во Скопје во 2011 г., семинарот „Од колеги за колеги" во Маврово во 2011 г., како организатор на Вториот конгрес на ортодонтите на Македонија во 2012 година.

***Наставна дејност***

Уште со вработувањето на Клиниката за ортодонција, како клинички лекар, д-р Стипица Поповски е вклучен во едукативниот процес, помагајќи во изведувањето на вежбите по предметот Ортодонција. Потоа, како помлад асистент од 2003 година и како постар асистент од 2006 година по предметот Ортодонција, поседува висок степен на теоретска и стручна подготвеност, изграден педагошки приод во презентирањето на наставната програма и со едноставен и јасен начин ги презентира методските единици од програмата на вежбите по предметот Ортодонција. Како насловен доцент од 2008 година учествува во изведување на наставата по предметот Ортодонција за студентите по стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Покрај предавањата за додипломски студии по предметот Ортодонција, д-р Стипица Поповски ги изведува и предавањата по предметот Ортодонција на Високата школа за забни техничари, активно учествува во изработка на наставните програми за додипломски, постдипломски и докторски студии. Од 2010 година со вработување на Факултетот за медицински науки во Штип при Универзитетот „Гоце Делчев" станува одговорен наставник за предметите: Апарати и инструменти 1, Апарати и инструмент 2, Лицево-вилична естетика, Стоматолошка естетика, Ортодонција 1, Ортодонција 2, Ортодонција 3, Естетика на надградбите на Високата школа за забни техничари-протетичари, како и на предметите: Орална биохемија, Ортодонција 1, Ортодонција 2, Претклиничка ортодонтска терапија. Член е на рецензенски комисии за избор на помлади колеги, како и рецензент на книгата „Убавината на насмевката" од д-р Коте Тасевски. Во 2013 година е избран за член на Комисијата за проверка на прашањата за екстерно тестирање при Министрството за наука на Република Македонија. Има одлични познавања од неколку компјутерски пакети кои ги користи во изготвување на предавањата за студенти и орални презентации. До изборот за доцент има издадено 48 труда кои се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и билтенот на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Доц. д-р Стипица Поповски за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по наставно-научно подрачје стоматологија ги приложува трудовите 1 до 47, односно од бр. 35 до бр. 48 за рецензија.

***СПИСОК НА ТРУДОВИ***

1. Бојаџиев Т., Поповски С., Радевски Ј., Исеини Ф.
„Ран третман на тескоби: брзо ширење на максилата"
Конгрес на стоматолозите од Македонија (апстракти), Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија, 1998:40.
2. Бојаџиев В., Поповски С.
„Хируршко-ортодонтски третман на импактирани максиларни инцизиви" Макед. мед. прег. 1999 ; 53 (суппл)39 :160.
3. Поповски С., Бојаџиев Т., Бојаџиев В.
„Ортодонтска фиксна терапија на забновилични неправилности"
Макед. мед. прег. 1999 ; 53 (суппл) 39 :249
4. Бакалчева К., Иљовска С., Стефанов Р., Поповски С., Филдишевски А., Стојановска В.
„Советувалиште за бремени жени: прва инстанца за здравствено-воспитна работа",Макед. мед. прег. 1999 ; 53 (суппл)39 : 354.
5. Бојаџиев Т., Поповски С., Бојаџиев В.
„Ортодонтски пристап при импактирани максиларни канини: етиологија, можности и терапија", Макед. стоматол. прегл. 1999; 23(1-4): 14-9

6. Бојаџиев В., Поповски С., Бојаџиев Т.
„Хируршко-ортодонтски третман на импактирани максиларни канини“ (англиски) 4th Kongres of Balkan Stomatology Society(proceeding) . Istanbul Turkey) Balkan Stomatological Society 1999:265
7. Бојаџиев Т., Поповски С., Бојаџиев В.
Екстраоралните сили во третманот на малоклузиите (англиски)
4th Kongres of Balkan Stomatology Society (proceeding). Istanbul Turkey, Balkan Stomatological Society 1999:4
8. Поповски С., Бојаџиев Т., Илиев И.
Морфолошки типови на раст и развој кај населението на Р. Македонија (англиски) 5th Kongres of Balkan Stomatology Society (abstracts). Thessaloniki Balkan Stomatological Society 200:250.
9. Bojaxiev T, Bojaxiev V, Bogdanovska V, Popovski S.
“ Antropometric futures of the craniofacial complex “
74th Congress of Europic Orthodontic Society, Mainz Germany 1998; 163
10. Бојаџиев Т., Бојаџиев В., Поповски С.
„Клиничка процена на третманот со малоклузии со фиксни апарати“
(англиски) 6th Congress of the Balkan Stomatological Scienty (Abstracts) Buchurest/ Romania: Balkan Stomatological Society 2001:64
11. Поповски С., Бојаџиев В., Бојаџиев Т.
„Микроимплантати при третман на малоклузии”
Трети конгрес на стоматолози од Македонија (програма и апстракти), Охрид, Здружение на стоматолози на Македонија, 2002:84.
12. Поповски С.. Бојаџиев В., Бојаџиев Т.
„Микроимплантска анкаража во ортодонтскиот третман на малоклузии“ (англиски) 7th Kongres of Balkan Stomatology Society (proceeding). Kusadasi (Turkey) Balkan Stomatological Society
(Bostanci H. Editor) 2002 : 51
13. Popovski S. Bojaxiev V, Bojaxiev T.
Orthodontic –surgical procedure in the treatment of impacted maxillary canines
7th Congres of Balkan Stomatology Society (proceeding). Kusadasi (Turkey) Balkan Stomatological Society (Bostanci H. Editor) 2002 : 54
14. Popovski S, Janev R, Bojaxiev V.
“Clinical estimation of treatment of Malocclusion with fixed appliances“
1st World Edgewise Orthodontic Congress and Lecture for Dental Hygienist Seoul Korea 2001: p-17
15. Bojaxiev T, Bojaxiev V, Popovski S.
“Orthodontic –surgical treatment of impacted upper canines“
79th Congress of Europic Orthodontic Society, Prague Czech Republic 2003: 408
16. Janev R, Daskalova B, Popovski S,
“Growth and development of the craniofacial dimension in class II division 1 Subjects” 78th EOS Congress, Sorrento Italy 2002: p-099
17. С. Поповски, „Рана дијагностика и превенција на импакција на трајни максиларни канини со радиолошка процена на нивното никнување” - Скопје, 2001 год. - магистерски труд.
18. Илиев И., Б. Димитријоски, С. Поповски: „Практична примена на сегменти од различни ортодонтски техники во третманот на малоклузии: приказ на случај” 9th Congress of the Balkan Stomatological Society, Ohrid 2004; p-1859 (постер презентација)
19. Б. Димитријоски, С. Поповски, И. Илиев: „Решавање на проблем при импакција на максиларен канин: приказ на случај” 9th Congress of the Balkan Stomatological Society, Ohrid 2004; p-18 (постер презентација)
20. С. Поповски „Рана детекција на импактирани максиларни канини” 9th Congress of the Balkan Stomatological Society, Ohrid 2004; p-1856 (постер презентација)

21. С. Поповски „Современа ортодонтска фиксна терапија"  9th Congress of the Balkan Stomatological Society, Ohrid 2004; p-1858 (poster prezentacija).
22. И. Илиев, С. Поповски: „Компромиси во ортодонтската терапија", Втор меѓународен ортодонтски конгрес на Србија и Црна Гора, Белград, 2004 год.; п-45 (постер презентација).
23. Popovski S., Zu`elova M., Smileva M.: "Mikro-implant anchorage in open bite treatment" 11th Congress of Bass-Sarajevo 2006. p-338  (poster prezentacija).
24. Поповски С., Жузелова М.: „Микроимпланти - нов пристап  во ортодонтската анкаража".  Макед. стоматол. прегл. 2006; 1(96-107).
25. Поповски С.: „Лингвална ортодонтска терапија", Симпозиум на Здружение на ортодонти на Македонија, Крушево, 2006 (усна презентација).
26. Поповски С. „Структурна анализа на дисхармонијата во вертикална насока", Скопје, 2006, докторска дисертација.
27. Илиев И., Поповски С., Димитријоски Б. „Корекција на II класа 1 одделение, со употреба на пропулзори според Мулер - приказ на случај" IV Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид, 22-25.6.2006. п. 34.
28. Г. Ќурчиева-Чучкова, М. Поп-Стефанова-Трпоска, М. Манева, С. Поповски, Р.Димовска, Влијанието на назофарингеалната опструкција врз типот на лицевиот раст и дентофацијалната морфологија. МОС 2009, Охрид.
29. И. Кировски, Ѓ. Парцанов, Г. Ќурчиева-Чучкова, Р. Димовска, С. Поповски Индивидуално естетско прилагодување на ортодонтскиот апарат при терапија-приказ на случај МОС 2009 Охрид.
30. Одредување на вертикалните диспропорции С.Поповски, Г.Чучкова-Ќурчиева, Р.Димовска, И.Илиев. МОС 2009, Охрид, Македонија.
31. И.Илиев, С.Поповски, Б.Димитријоски  Рецидиви во ортодонцијата при примена на компромисни решенија, МОС 2009 Охрид, Македонија.
32. С.Поповски, Чучкова-Ќурчиева, Р.Димовска, И.Илиев, Б.Димитријоски, Невидлив третман - видливи резултати, Охрид МОС, 2009.
33. Поповски С., Чучкова-Ќурчиева, Р.Димовска, И.Илиев, Б.Димитријоски, Третман на импактиран максиларен канин, МОС 2009, Охрид.
34. R.Dimovska,S.Naumovski,G.Curcieva-Cuckov,S.Popovski,I.Kirovski EPIDEMIOLOGY OF CLEFT LIP AND PALATE IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA MOS 2009 Ohrid.
35. Анита Арсовска, Вера Даскалова, Дијана Никодијевиќ, Вера Петрова, Игор Петров, Анте Поповски, Стипица Поповски, Сашо Стојчев, Методија Чепреганов, Тања Чепреганова-Чанговска, Илија Џонов. „Неврологија" за студентите по стоматологија, Скопје, 2009.
36. С.Поповски, „PERTINENT CONSIDERATIONS IN INTERDISCIPLINARY TREATMENT OF IMPACTED MAXILLARY CANINES", (усна презентација)
    Книга на апстракти, Стоматолошки конгрес на Романија, Букурешт, октомври 2010.

Во овој труд авторите прикажуваат мултидисциплинарен пристап во третманот на импактираниот максиларен канин. Инциденцата на импакциите на  максиларните канини е 1- 3% кај светската популација и претставува една од потешките ортодонтски аномалии која најчесто мора да се третира во соработка со неколку специјалисти. Трудот има стручно-апликативна вредност.

37. С.Поповски, „Механизам на настанување на денталните импакции" (усна презентација). Пролетен семинар на ортодонтите на Македонија, Хотел „Белви" - Скопје.

Подобрувањето на надворешниот изглед на лицето на пациентот е цел на голема група на клиничари, вклучувајќи ги и ортодонтите. Правилната процена на причинителот на појавата на денталните импакции е предмет на студија во овој труд во обид да се најде решение на оваа енигма. Трудот има стручно-научна вредност

38. S.Popovski, Faculty of Medical Sciences, Studies of General Stomatology, University "Goce Delcev" – Stip, R.Macedonia Orthodontic correction of dentoalveolar and skeletal discrepancy with functional appliances Abstract book In: Macedonian Orthodontic Society, 17-20 May, Skopje

Ортодонтот во поголем број случаи користи компромисни решенија по завршувањето на третманот со фиксни ортодонтски апарати од различни причини: почнувајќи од желбата на пациентот за пократок ортодонтски третман, неодговорен однос на пациентот или пак на родителите, немање соработка со пациентот итн. Целта на овој труд е да се прикажат дел од можните компликации кои се јавуваат при правење на компромиси при третманот на малоклузиите на забите со отстапување од детерминираните правила и норми како успехот или пак неуспехот на третманот и клиничката оправданост за истите. Трудот има стручен и научен придонес

39. S.Popovski, Faculty of Medical Sciences, Studies of General Stomatology, University "Goce Delcev" – Stip, R.Macedonia,CORTICOTOMY ASSISTED RAPID MAXILLARY EXPANSION Abstract book In: Macedonian Orthodontic Society, 17-20 May, Skopje

Целта на овој труд е да се утврди колкаво е влијанието на назофариенгалната опструкција врз дентофацијалната морфологија, а истовремено да се направи и анализа на последиците од неправилниот начин на дишење врз типот на лицевиот раст, користејќи го Индексот на фацијален раст. Примената на анализа на Индексот на фацијална висина во евалузција на општиот тренд на раст кај младата популација со нарушена назореспираторна функција претставува важно дијагностичко средство за планирање и остварување на успешен ортодонтски третман. Трудот има стручно-научна вредност.

40. S.Popovski, Faculty of Medical Sciences, Studies of General Stomatology, University "Goce Delcev" – Stip, R.Macedonia EVALUATION OF SPEECH IN ORTHODONTICS Abstract book Macedonian Orthodontic Society, 17-20 May, Skopje.

Целта на авторите во овој труд е да се одреди бројот на пациенти со расцепи на усна и /или непце во Република Македонија и тоа според формата, полот и географскиот предел. Трудот има научна вредност.

41. Поповски Стипица, Димова Цена. МЕХАНИЗАМ НА НАСТАНУВАЊЕ НА ИМПАКЦИИТЕ. Прв научен собир на ФМН. Штип, 21.12.2012 Доброто познавање на механизмот на настанување на денталните имкации овозможуваат рана детекција и превенција од појава на ортодонтски аномалии што претставува главна тема на авторите во овој труд. Трудот има научна вредност.
42. Стипица Поповски, Ана Радеска. СОВРЕМЕН ОРТОДОНТСКИ ПРИСТАП ЗА УБАВА НАМЕВКА. Прв научен собир на ФМН. Штип, 21.12.2012

Авторите во овој труд ги презентираат основните протоколи при третманот и решавањето на ортодонтските аномалии, како и можностите за нивно модифицирање во согласност со модалитетот на возраста, бидејќи особено кај адултните пациенти кај кои од објективни или субјективни причини има потреба од значителни индивидуални приспособувања. Трудот има стручно-апликативна вредност.

43. Стипица Поповски eCligner- Невидлив третман за видливи резултати Прв научен собир на ФМН. Штип, 21.12.2012

Авторите во овој труд презентираат решавање на ортодонтските аномалии со помош на Ecligner системот. Ваквиот третман на забите придонесува за т.н. невидлив третман, каков што е потребен особено кај адултни пациенти. Трудот има стручно-апликативна вредност.

44. Димова Ц., Поповски С. Коскена алвеоларна ресорпција по забна екстракција. Прв научен собир на ФМН. Штип, 21.12.2012 (Dimova, Cena (2012) .
45. Ана Радеска, Пановски Коле, Златановска Катерина, Папакоча Киро, Поповски Стипица „Што се мобилни плочести апарати предности и недостатоци". Прв научен собир на ФМН. Штип, 21.12.2012

Авторите во овој труд ги презентираат можностите кои ги нуди мобилната ортодонтска терапија, како и составните делови на ортодонтските мобилни апарати и нивната примена. Трудот има стручно-апликативна вредност.

46. С.Поповски „Smile does matter-contemporary orthodontic treatment" БАСС 2013 Скопје, Македонија (усна презентација)

Авторот во овој труд ја презентира важноста на убавата насмевка, како и можностите на современиот ортодонтски третман во креирање на истиот. Трудот има стручно-апликативна вредност.

47. С.Поповски, А. Радеска, „Ортодонција 1“ - скрипта рецензирано во Билтен на ФМН, бр. 107, 2013 год.
48. С.Поповски, А. Радеска „Практикум по Ортодонција 1“ - практикум, рецензирано во Билтен на ФМН бр. 107, 2013 год.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот доц. д-р Стипица Поповски ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

По анализата, евалуацијата и разгледувањето на целокупната доставена документација се евидентираат научно-стручните активности и квалитети на кандидатот.

Врз база на изнесените податоци во овој извештај и како резултат на личното познавање, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки-Штип да го избере доцент д-р Стипица Поповски во вонреден професор по наставно-научната област ортодонција.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Жузелова, с.р.**
**Проф. д-р Јулијана Ѓоргова, с.р.**
**Проф. д-р Ана Миновска, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на доцент д-р Стипица Поповски, доктор на стоматолошки науки, од научната областа ортодонција, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за изборниот период од 2009/2010 до 2012/2013 година**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| **Позитивно рецензирана скрипта од предавање** | 2 | 8 | 16 |
| **Рецензент на учебник, скрипта и сл.** | 2 | 1 | 2 |
| **Раководител на семинар** | 5 | 2 | 10 |
| **Предавања** | | 2 | |
| Апарати и инструменти 2 2009/2010 | | 2 | |
| Апарати и инструменти 1 2010/2011 | | 1 | |
| Орална биохемија 2010/2011 | | 1 | |
| Естетика на надградбите 2010/2011 | | 2 | |
| Апарати и инструменти 2 2010/2011 | | 2 | |
| Ортодонција 1 2010/2011 | | 1 | |
| Лицево-вилична протетика 2010/2011 | | 1 | |
| Ортодонција 1 2011/2012 | | 2 | |
| Ортодонција 2 2011/2012 | | 2 | |
| Лицево-вилична протетика 2 2011/2012 | | 1 | |
| Апарати и инструменти 1 2011/2012 | | 2 | 40 |
| Естетика на надградбите 2011/2012 | | 1 | |
| Ортодонција 2 2011/2012 | | 2 | |
| Ортодонција 3 2011/2012 | | 2 | |
| Естетска стоматологија 2011/2012 | | 1 | |
| Ортодонција 1 2012/2013 | | 2 | |
| Ортодонција 1 2012/2013 | | 2 | |
| Забоздравствена заштита 2012/2013 | | 2 | |
| Ортодонција 2 2012/2013 | | 2 | |
| Претклинички ортодонтски третман 2012/2013 | | 2 | |
| Ортодонција 2 2012/2013 | | 2 | |
| Забоздравствена заштита 2012/2013 | | 2 | |
| **Вежби** | | | |
| Орална биохемија 2009/2010 | | 1 | |
| Орална биохемија 2010/2011 | | 1 | 3 |
| Ортодонција 3 2011/2012 | | 1 | |
| **Рецензент на соработници и наставници** | 3 | 1 | 3 |
| Вкупно: | | | НО=74 |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | |
| **Пленарно предавање на научен собир** | 4 | 3 | 12 |
| Учество на научен собир со реферат постер | 7 | 1 | 7 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 1 | 1 | 1 |
| Член на организационен или научен одбор на научен собир | 5 | 2 | 10 |
| Претседател на организационен или научен одбор | 7 | 2 | 14 |
| ВКУПНО: НИ=55 | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Стручно-апликативна дејност и организациско- развојна дејност** | | | |
| *Стручни награди и признанија*<br>***Пофалница – 50 години Стоматолошки факултет – Скопје*** | 1 | 4 | **4** |
| | | | |
| **Член на универзитетски тела**<br>Комисија за издавачка дејност на УГД | 1 | 5 | 5 |
| Комисија за екстерно тестирање на Министерство за образование на Република Македонија | 1 | 5 | 5 |
| ВКУПНО:САОР=14 | | | |
| Вкупно:НИ+НО+САОР =143 | | | |